# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2019

**ЈАНУАРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **5**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 2 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 1 |
| здравство | 0 |
| пристап до добра и услуги медиуми | 1 |
| домување | 0 |
| медиуми | 0 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 1 |

## Реакции

Реакции овој месец **10**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 0 |
| соопштение од здр. на граѓани | 5 |
| протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 2 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 1 |
| останато | 1 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ | 0 |
| Активности на здрж. на граѓани | 1 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | % |
|---|---|
| род | 40% |
| пол | 0% |
| сексуална ориентација | 20% |
| религија | 20% |
| политичка припадност | 0% |
| попреченост | 0% |
| корисници на дроги | 20% |
| друго | 0% |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 4 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 1 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ЈАНУАРИ 2019

### СЛУЧАЈ:

Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше случај кој се однесува на ученичка во шесто одделение во основното училиште "Браќа Рамиз и Хамид" Скопје, која била вознемирувана од наставничката по германски јазик, поради тоа што носела марама на часовите.

Имено, согласно тврдењата на таткото на ученичката, наставничката два пати во декември 2018 година ѝ забележала на ученичката зошто носи марама. Првиот пат, ја запрашала зошто носи марама, на што ученичката одговорила дека марамата ја носи од верски и религиозни причини, бидејќи е муслиманка и согласно нејзините верски уверувања, треба да носи марама во јавност. На тоа наставничката ѝ одговорила дека "и другите девојчиња во класот се муслиманки, но не носат марами на главите". Во вториот наврат, ученичката побарала помош од своја соученичка да ѝ ја намести марамата, бидејќи истата се изместила и не ѝ стоела пристојно. Наставничката на тоа им се заканила на двете ученички дека доколку не престанат со тоа ќе им стави единици. Двата настани кај ученичката предизвикале чувство на вознемиреност и чувство на пониженост пред нејзините соученици.

Таткото на ученичката доставил поплака до училиштето во која го пријавил вознемирувањето врз неговата ќерка од страна на наставничката и побарал училиштето да преземе соодветни мерки за да го отстрани истото. Училиштето се уште му нема доставено писмен одговор. Ваквото вознемирувачко и понижувачко однесување и третман на наставничката кон ученичката и непреземањето мерки за заштита и отстранување на вознемирувањето од страна на ОУ "Браќа Рамиз и Хамид" Скопје, претставува повеќекратно и повторено вознемирување врз основа на религија и верско уверување и род. За овој предмет Хелсиншкиот комитет поднесе претставки до Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител и Просветниот инспекторат.

### СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Ецис против Латвија[1], Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврди повреда на член 14 (забрана од дискриминација) во врска со член 8 (право на приватен и семеен живот) од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Случајот е покренат од затвореник на кој не му било дозволено да присуствува на погребот на неговиот татко, наведувајќи дека националното законодавство е дискриминаторско во корист на жените кои издржуваат казна затвор. Судот утврдил дека мажите и жените кои имаат сторено тешки кривични дела и добиле иста казна се третирани различно. Мажите биле сместени автоматски во затворени одделенија во установи со високо обезбедување, додека жените биле сместени во помалку рестриктивни затворени установи. Националното законодавство значи дека жалителот е автоматски одбиен да присуствува на погребот, додека пак жена би можела да ја искористи таа погодност. Судот утврдил дека во случајот нема индивидуална проценка на пропорционалноста од таквата забрана и жалителот бил жртва на дискриминација, спротивно на ЕКЧП.

Коалиција Маргини пред ЕСЧП доби позитивна пресуда во корист на трансродов маж[2], во кој Судот утврди дека постоечката законска рамка има сериозни недостатоци кои го довеле транс лицето во ситуација на стрес и несигурност во признавањето на неговиот родов идентитет. ЕСЧП утврди дека државата го прекршила членот 8 од ЕКЧП, со што му го прекршила правото на приватен и семеен живот, а кое се однесува и на родовиот идентитет како компонента на личниот идентитет. Судот јасно нагласува дека ова право се однесува "на сите индивидуи, вклучувајќи ги и трансродовите луѓе, како апликантот, кои немаат извршено операција за промена на родот, или кои не сакаат да се подложат на таков третман." Исто така Судот заклучува дека постојната законска рамка во државата не обезбедува "брзи, транспарентни и достапни процедури" за промена на полот во личните документи, обврзувајќи ја државата да донесе закон кој ќе им овозможи на трансродовите луѓе брза, транспарентна и пристапна постапка за правно признавање на родот.

Судот на правдата на ЕУ (СПЕУ) во пресуда Креско против Маркус Аштази[3] утврди дека националното законодавство на Австрија со кое Велики петок е државен празник само за вработените кои се членови на одредени христијански цркви и само тие вработени доколку работат за празникот имаат право на додаток на плата за работа на празник, преставува директна дискриминација по основ на религија. Судот утврдил дека ваквата легислатива не може да се оправда како неопходна мерка за заштита на правата и слободите на другите и како специфична мерка наменета за надоместување на нееднаквоста поврзана со религија. Судот во пресудата налага до промената на законодавството, со цел да се воспостави еднаков третман, работодавците од приватниот сектор кои ги опфаќа постоечкиот закон се обврзани да им овозможат и на другите работници право на користење на ден од државниот празник, доколку истите побарале претходна дозвола да бидат отсутни за Велики петок. Консеквентно, Судот ги обврзува работодавците да го признаат правото на додаток на плата за работа на државен празник, доколку работодавачот го одбие барањето на работникот за отсуство од работа на празникот.

[1] Ēcis v. Latvia (application no. 12879/09) https://hudoc.echr.coe.int

[2] X. v. FYR of Macedonia (application no 29683/16)

[3] Case C-193/17, Cresco Investigation GmbH v Markus Achatzi http://curia.europa.eu/juris/

### РЕСУРСИ:


1. Еквинет „Еднаквост во училниците: Телата за еднаквост и родовата еднаквост во образованието" - http://www.equineteurope.org/Equality-in-the-classroom-Equality-bodies-and-gender-equality-in-education

2. Европска мрежа на правни експерти во родова еднаквост и не-дискриминација „Компаративна анализа на анти-дискриминаторското законодавство во Европа" - https://www.equalitylaw.eu/downloads/4804-a-comparative-analysis-of-non-discrimination-law-in-europe-2018-pdf-1-02-mb

3. Европска мрежа на правни експерти во родова еднаквост и не-дискриминација „Борба против дискриминација врз основа на попреченост и остварување на еднаквоста" - https://www.equalitylaw.eu/downloads/4760-combatting-disability-discrimination-and-realising-equality-a-comparison-of-the-uncrpd-and-eu-equality-and-non-discrimination-law-pdf-96-kb

4. Европска мрежа на правни експерти во родова еднаквост и не-дискриминација „ Преглед на европското право за еднаквост" - https://www.equalitylaw.eu/downloads/4759-european-equality-law-review-2-2018-pdf-1-206-kb

5. Еквинет „Проширување на агендата: Телата за еднаквост во борба против говорот на омраза" - http://www.equineteurope.org/Extending-the-Agenda-Equality-Bodies-addressing-Hate-Speech

6. Коалиција Маргини „ Еднаков пристап до правда за сите: Како ќе знаеме кога ќе стигнеме таму?" - http://coalition.org.mk/

7. Коалиција Маргини „Трансродов маж доби позитивна пресуда од Судот во Стразбур против државата" - http://coalition.org.mk/%D1%82%D

8. Национална мрежа за борба против хомофобија и трансофобија „ Реакција по повод изјавата на вицепремиерот Бујар Османи за Законот за недискриминација: Зошто ДУИ ги кочи евроинтеграциите? " - http://mhc.org.mk/announcements/892?locale=mk

9. Мрежа за заштита од дискриминација „Народниот правобранител со укажувања се справува со дискриминација и вознемирување"- http://mhc.org.mk/announcements/891?locale=mk

10. Хелсиншкиот комитет за човекови права „ КЗД утврди директна дискриминација врз основа на религија и верско уверување " - http://mhc.org.mk/announcements/888?locale=mk


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.


ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**